Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

Извадок на дел од дневни настани 16.08.2019

Полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово, на 15.08.2019 околу 14 часот извршиле претрес во домот на 25-годишниот Г.А, на улица „Александар Јовановски-Журчин" во Тетово. При претресот, реализиран со судска наредба, пронајдена е марихуана, дробилка и ризла, по што Г.А. лишен е од слобода и задржан во Полициската станица Тетово. Против Г.А. ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 15.08.2019 околу 16 часот и 50 минути, на улица „Вонвардарска " во Тетово лишен од слобода е 29-годишниот И.И. од тетовско Горно Седларце,

кај кого е пронајден кокаин. По документирање на случајот, против И.И. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.08.2019 во 18,00 часот во атарот на с.Степанци извршена е контрола на возило марка „Лада" без регистарски таблици, управувано од Е.Ќ.(20) од Прилеп, во кое имало огревни дрва без документација. Возилото со товарот и моторна пила се одземени, а возачот и неговиот сопатник И.Ќ.(21) се приведени во Полициската станица – Чашка. По документирање на случајот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.08.2019 на територија на СВР Велес извршена е контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната, при што, се регистрирани вкупно 34 прекршоци, од кои 21 во Велес, осум во Кавадарци и пет во Неготино. Прекршоците се соодветно санкционирани.

Во текот на изминатиот ден (15.08.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 56 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 22 возачи од кои: еден возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол и 21 возач затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило. Исто така, исклучени од сообраќај се и 17 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се седум возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, тројца возачи поради недавање на првенство на минување на пешаци, двајца возачи поради неправилно престројување, еден возач поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и осум возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издаден е 131 мандатен платен налог. Изминатиот ден се случиле девет сообраќајни незгоди во кои едно лице се здобило со тешки телесни повреди, а четири лица поминале со телесни повреди.

На 15.08.2019 во 22,40 часот било пријавено дека на автопатот Гостивар-Тетово после „Неготинска петла", Б.Ј.(26) од с.Топлица-о.Врапчиште, управувајќи патничко моторно возило „БМВ" со гостиварски регистарски ознаки излетал надвор од коловозот. Во незгодата возачот починал на местото на настанот. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Гостивар. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 16.08.2019 во 01,15 часот било пријавено дека на регионалниот пат Тетово-Јажинце се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило "Поло" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ф.Е.(19) од с.Пршовце и патничко моторно возило "Голф" со тетовски регистарски

ознаки, управувано од М.Т.(34) од с.Пршовце. Во сообраќајната незгода со тешки телесни повреди се здобил Ф.Е., а со телесни повреди се здобила М.Т., по што биле пренесени во Клиничката болница Тетово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Тетово.

На 15.08.2019 во 18,50 часот во с.Црник-Пехчево, во куќата сопственост на Б.Џ.(60), настанал пожар во кровната конструкција кој се проширил на катот од куќата. Во 20,40 часот, од екипи на Територијалната противпожарна единица пожарот бил изгаснат. Нема повредени лица. Увид ќе се врши во текот на денешниот ден.

На 15.08.2019 во 22,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на булеварот „АСНОМ", се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило „Пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.И.(34) од с.Сингелиќ-скопско и патничко моторно возило „Мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.И. (50) од Скопје, а при тоа било удрено малолетно лице (пешак) од Скопје, кое е пренесено во ГОБ „Св. Наум Охрдиски", каде и се констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 15.08.2019 во 12,10 часот во Полициската станица Аеродром С.С.(74) од Скопје пријавила дека на булеварот "Видое Смилевски Бато" била касната од куче скитник во пределот на левата нога.

На 15.08.2019 во Скопје на улицата "Црногорска" од полициски службеници од Одделението за недозволена трговија бил лишен од слобода М.И.(40) од Скопје. При извршен претрес кај лицето биле пронајдени и одземени марихуана, куршум и една дробилка. По документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.М.(38) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 08.10.2018 во 22,15 часот во Гостивар, од полициски службеници, при преглед на патничко моторно возило, управувано од пријавениот бил пронајден и одземен кокаин.

На 16.08.2019 во 00,17 часот во СВР Скопје било пријавено дека на булеварот "Борис Трајковски" пред угостителски објект по завршување на свадбената прослава дошло до нарушување на јавниот ред и мир со

меѓусебна пресметка помеѓу лицата: М.С.(22), С.С.(29), К.Д.(31), С.Ф.(21), С.Р.(53) и С.А.(40) и едно лице на возраст од 17 години сите од Скопје од едната страна и лицата М.С.(30), А.М.(28), С.М.(75), М.Ф.(55), А.У.(24) и Ј.М.(33) сите од Скопје од другата страна. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 ст.3 од ЗППЈРМ.

На 15.08.2019 во 10,00 часот на излез од капијата на армискиот полигон „Криволак"-Неготино, сопрен бил полскиот државјанин Х.Л.Р.(54). По извршените проверки и преглед кај истиот биле пронајдени слики од воениот објект. Во 12,30 часот по наредба на Јавен обвинител од полициски службеници од Полициската станица Неготино, лицето било приведено и задржано за понатамошна постапка.

На 16.08.2019 во 00,25 часот во СВР Скопје П.С.(30) од Скопје пријавил дека во казино лоцирано на булеварот "Јане Сандански" по претходна расправија бил физички нападнат од Б.П.(30) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 15.08.2019 во 11,00 часот во СВР Скопје З.Г.(43) од Скопје, вработен во ЈП Водовод и канализација пријавил дека на 10.08.2019 година околу 22,00 часот при вршење на работни задачи во с Сарај, бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.08.2019 година во 12,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улицата "Битпазарска" бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка меѓу Ј.Х.(60) и М.Х.(30) од едната и од другата страна Х.С.(44) од Скопје и Б.Х.(44) од Р.Турција. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 15.08.2019 во 10,20 часот во СВР Скопје С.Ц.(47) од Скопје пријавил дека на улицата "Палмиро Тољати" неговото возило било оштетено од залутано зрно од огнено оружје. Извршен бил увид.

На 15.08.2019 во 17,30 во СВР Скопје, С.К.(22) од Скопје пријавил дека на ул. „Беласица", по вербална расправија бил физички нападнат од Б.П.(47) од Скопје. Се превземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.08.2019 во СВР Скопје, било пријавено дека пред авто сервис на паркингот кај СЦ „Борис Трајковски" настанал пожар во возило „БМВ" со бугарска национална ознака, сопственост на М.Ј.Р(26) од Скопје, а огнот го зафатил и возилото „Тојота Јарис" со скопски регистарски ознаки во сопственост на Б.Г.(33) од Скопје. Извршен е увид.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)